# <u>ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПЕЧАТОТ</u>
**Скопје, 10ти Декември 2004**

## Завршување на проектот на ЕЦМП ‛ ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во република македонија’

Европскиот Центар за Малцински Прашања (ЕЦМП), со седиште во Фленсбург, Германија, со задоволство го објавува завршувањето на успешната иницијатива *НВО Мрежа за подобрување на меѓуетнилчките односи во Република Македонија.*

Од нејзиното востанување во 2001, ЕЦМП НВО Мрежата брзо се разви во динамична Мрежа управувана од членовите, чија цел е подобрување на меѓуетничките односи преку промовирање на соработка помеѓу НВО членките во идентификувањето на заедничка основа за делување по прашања поврзани со унапредување на меѓуетничкиот дијалог во Република Македонија. Понатаму, Мрежата составена од 78 теренски организации работеше постојано во насока на зголемување на кредибилитетот на НВОите при застапувањето на нивните локални заедници и при градењето на капацитетите на локалните НВОи преку концептуализација и имплементација за заеднички проекти.

Од 2001 беа воспоспоставени шест Регионални Центри низ Република Македонија за поддршка при постигнувањето на овие цели. Овие центри во Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Битола и Штип беа основани во ‘ неутрален простор’ за да им олеснат на НВО членките на Мрежата да работат заедно на развивање, координирање и имплементација на заеднички проекти по прашања кои ги преминуваат етчничките линии. Оваа Мрежа исто така воспостави и своја независна организациска структура управувана од Координативно Тело, составено од 13 членови, од кои 12 номинирани врз основа на нивната регионална ориентација и етничка припадност, и еден претставник на ЕЦМП, кој служеше како фасцилитатор на Мрежата. Бидејќи уште од самиот почеток оваа инцијатива е Мрежа водена од членките и составен од локалните учесници, улогата на 13 те членови на Координативното тело беше промовирање на растот и одржливоста на НВО Мрежата, стремење кон исполнување на мандатот и целите на Мрежата, и претставување на НВО членките во јавната сфера и кај меѓународните донатори.

Низ 2003 и 2004 година, преку Координативното тело, ЕЦМП фасцилираше во елаборирање на стратегија за 2005 – 2007 година која е дизајнирана да обезбеди понатамошен развој и одржливост на оваа иницијатива. Оваа стратегија сега е комплетирана и нуди јасни докази за успехот на оваа долготрајна иницијатива на ЕЦМП. Како дел од стратегијата за одржливост и понатамошен развој, самите членови на мрежата ја дизајнираа и отпочнаа имплементацијата на следните напредни и особено интересни иницијативи:

- Воспоставувањето на Регионалните НВО коалиции во Битола, Тетово и Куманово како формални коалиции кои примарно ќе функционираат на општинско ниво во периодот од 2005 -2007,
- Создавање на независна национална НВО Мрежа – Иницијативи за развој на општеството, која ќе функционира со нова мисија која ќе се фокусира на економскиот развој преку партиципација, интеграција и подеднакви можности.
- Развојот на секторските Мрежи (еколошка мрежа, младинска мултикултурна иницијатива, образовна мрежа и работна група за малцински прашања).

Како што ЕЦМП се повлекува од својата инволвираност во оваа иницијатива и влегува во нова динамична фаза на функционирање во Република Македонија во 2005, им аплаудираме на брзиот развој на овие иницијативи во независни и одржливи структури. ЕЦМП го поздравува создавањето на овие нови граѓански општествени формации и им посакува успех на организациите кои ќе членуваат во нивната идна работа.

За повеќе информации кон тригодишниот проект, посетете ја веб страната на ЕЦМП НВО Мрежата на www.ecmingonet.org.mk или контактирајте со Верица Грданоска, Менаџер на веб старната на ЕЦМП во Скопје, (ЕЦМП, Регионална Канцеларија Скопје, ул. Мајка Тереза 13а, Тел.: +389 (0)2 3215 637; 3215 638 - Факс: +389 (0)2 3215 639). За повеќе информации за ЕЦМП: www.ecmi.de

The project was made possible by the generous support of the:
British Embassy Skopje
Royal Danish Ministry of Foreign Affairs
ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry
Sida